# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

**Службен весник на РМ, бр. 130 од 15.10.2008 година**

**Член 1**

Во Законот за технолошки индустриски развојни зони ("Службен весник на Република Македонија" број 14/2007 и 103/2008), во членот 14 по ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

"(2) Директорот има заменик кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(3) Заменикот на директорот го заменува директорот во случај на негова отсутност или спреченост со сите негови овластувања и одговорности во раководењето."

Во ставот (2) кој станува став (4) по зборот "директор" се додаваат зборовите: "и заменик на директорот".

Во ставот (3) кој станува став (5) по зборот "директорот" се додаваат зборовите: "и заменикот на директорот", а зборот "именува" се заменува со зборот "именуваат".

**Член 2**

Во членот 17) по зборот "директорот" се додаваат зборовите: "и заменикот на директорот".

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".